Australian Government

myagedcare

Support at Home

Macedonian | Македонски

Добијте го резултатот од вашата проценка | Чекајте да ви бидат доделени услуги | Најдете давател на услуги од програмата Поддршка во домашни услови | **Склучете договор за услуги** | Управувајте со вашите услуги

# Склучување договор за услуги преку програмата „Поддршка во домашни услови“

## Што е договор за услуги?

Вашиот договор за услуги (service agreement) преку програмата Поддршка во домашни услови (Support at Home) е правен документ склучен помеѓу вас и вашиот избран давател на услуги. Во договорот за услуги се наведени правата и одговорностите, како и какви услуги ќе ви бидат дадени.

Вие мора да склучите договор за услуги со вашиот давател пред да можете да ги добивате услугите преку програмата Поддршка во домашни услови.

Вашиот давател ќе го подготви договорот заедно со вас. Во договорот мора да биде наведено:

- кои услуги ќе ви се обезбедуваат
- како ќе ги добивате услугите
- кој ќе ја обезбедува секоја од услугите
- колку ќе чини секоја услуга
- ваша согласност да плаќате придонеси.

Доколку вашите потреби за нега се променат со текот на времето, вие и вашиот давател можете да го преразгледате вашиот договор за услуги. Исто така, во секое време можете да побарате измени во вашиот договор за услуги.

Вашиот давател мора да ви помогне да го разберете вашиот договор за услуги. Тоа ги вклучува следните работи:

- детали од договорот
- како да откажете или да презакажете услуги
- ценовникот на давателот на услуги и договорените зголемувања на цените
- како да ги плаќате вашите придонеси (доколку е применливо)
- и како да поднесете жалба.

Вашиот давател треба исто така да ги вклучи Правилата за однесување при негата на постари лица (Code of Conduct for Aged Care) и Изјавата за правата (Statement of Rights).

Можеби ќе сакате да побарате помош од:

- семејството, пријател или негувател.
- застапник, како што е **Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN)** на телефон **1800 700 600** или преку **OPAN.org.au**.
- адвокат за независен правен совет.

Вашиот давател на услуги мора да добие ваше одобрение и согласност пред да започнат или да се променат услугите, цените или придонесите. И вие и вашиот давател треба да го потпишете договорот за услуги, а вие треба да добиете и копија од потпишаниот договор.

## Што е квартален буџет?

Ќе ви биде доделен износ на финансиски средства врз основа на вашата класификација за добивање услуги од програмата Поддршка во домашни услови. Тука се вклучени класификациите за постојани услуги и одобрување за планови за краткорочни услуги. За класификациите за постојани услуги, средствата ќе бидат поделени на четири квартални буџети од кои секој опфаќа три месеци.

Вашиот квартален буџет е составен од:

- државна субвенција (што ја плаќа австралиската влада)
- вашиот придонес (што го плаќате врз основа на вашите приходи и имот).

Вие имате одреден буџет за секој квартал. Само 10% или 1.000 долари од вашиот квартален буџет (зависи кој износ е повисок) што не се потрошени ќе бидат префрлени во следниот квартал.

Ќе соработувате со вашиот давател за да управувате со вашиот буџет и да ги задоволите вашите потреби за нега.

## Управување со негата

Вашиот давател на услуги ќе ви испорачува услуги за управување со негата најмалку еднаш месечно. Управувањето со негата осигурува дека услугите што ги добивате ги задоволуваат вашите потреби, цели и желби.

Доколку добивате постојани услуги, 10% од вашиот квартален буџет ќе бидат издвоени за управување со негата. Оваа сума се доделува на вашиот давател на услуги за да испорачува услуги за управување со негата.

Доколку добивате услуги во рамките на Планот за нега за обновување на самостојноста или Планот за нега на крајот од животот, вашиот краткорочен буџет ќе се користи за услуги за управување со негата.

## Цени

Давателите на услуги мора во вашиот договор за услуги да ги вклучат цените за услугите што ќе ви ги испорачуваат. Доколку давателот предложи да ви наплати цена што е различна од цената што ја објавил на веб-страницата на My Aged Care или на неговата веб-страница, вие мора да се согласите со оваа цена и со причината зошто цената е различна, и тоа мора да биде наведено во вашиот договор за услуги.

Цената за секоја услуга наведена во вашиот договор за услуги мора да го одразува вкупниот трошок за обезбедување на таа услуга. Цената може да ги вклучува:

- платите на работниците кои ви обезбедуваат нега на постари лица
- административни и режиски трошоци
- превоз
- користење надворешни даватели на услуги.

Вашиот дават нема право да ви наплати посебно за управување со пакетот на услуги или за патни трошоци.

Секој давател мора да ја објави својата најчесто користена цена за услугите што ги обезбедува на веб-страницата на My Aged Care. Информациите за цените може да ги видите и споредите користејќи ја алатката „Најдете давател на услуги“ (Find a provider) на веб-страницата на My Aged Care на **MyAgedCare.gov.au/Find-A-Provider**.

Владата воведе заштитни мерки за да се осигури дека цените за услуги преку програмата оддршката во домашни услови се разумни и транспарентни. Дознајте повеќе на **MyAgedCare.gov.au/Support-Home-Program**.

## Придонеси од корисниците

Придонеси ќе плаќате само за услугите што ги добивате.

Владата целосно ќе ја финансира клиничката нега, како што се нега од медицински сестри и физиотерапија. Нема да бидете обврзани да давате придонес за овие услуги.

Висината на вашите придонеси ќе зависи од видот на услугата што ја добивате, како и од вашите приходи и имот.

Services Australia ќе изврши проценка на приходи и имот (income and asset assessment), слична на проценката на материјални средства (means test) за старосна пензија, за да ја утврди вашата стапка на придонес.

- Корисниците на целосна пензија ќе плаќаат најмал придонес.
- Корисниците на делумна пензија и носителите на здравствена картичка за постари лица од Комонвелтот (Commonwealth Seniors Health Card) ќе плаќаат придонес според скала врз основа на проценката на нивните приходи и имот.
- Целосно самофинансираните пензионери кои не се квалификуваат за здравствена картичка за постари лица од Комонвелтот ќе плаќаат највисоки придонеси.

Services Australia или Министерството за воени ветерани (Department of Veterans' Affairs - DVA) можеби веќе ги имаат вашите финансиски податоци ако добивате соодветна исплата за поддршка на приходите од која било од нив. Ќе треба да се осигурате вашите финансиски податоци да бидат ажурирани пред да почнете да добивате услуги за нега на постари лица.

Доколку Services Australia веќе нема податоци за вашата актуелна финансиска состојба (т.е. не сте пензионер), ќе треба да направите проценка на приходите и имотот.

Проверете дали треба да направите проценка на приходи и имот со посета на веб-страницата на Services Australia: **ServicesAustralia.gov.au/Aged-Care-Calculation-Your-Cost-Care**.

Доколку не ги доставите информациите за вашите приходи и имот до Services Australia, вашите придонеси ќе бидат утврдени по максимална стапка.

Мора да ги известите во Services Australia во рок од 14 дена за какви било промени на вашата финансиска состојба што може да влијаат на вашиот придонес.

За да добиете проценка на придонесите што можеби ќе треба да ги платите, користете го калкулаторот за проценка на цени (fee estimator) на услуги преку програмата Поддршка во домашни услови на **MyAgedCare.gov.au/Support-At-Home-Fee-Estimator**.

Помошта за финансиски тешкотии може да ви помогне ако, од причини надвор од ваша контрола, не можете да си дозволите да плаќате придонеси. Дознајте повеќе на **MyAgedCare.gov.au/Financial-Hardship-Assistance**.

Доколку имате прашања во врска со проценката на приходи и имот, јавете се во **Services Australia** на **1800 227 475**.

## Месечни извештаи

Вашиот давател на услуги е должен да ви дава месечни извештаи во кои ќе бидат прикажани следните работи:

- колку е потрошено за услугите од програмата Поддршка во домашни услови
- вашиот придонес и трошоците за обезбедените услуги
- преостанатиот буџет за месецот.

## Што ако ми треба преведувач?

Доколку ви е потребен преведувач, побарајте од вашиот давател на услуги да го договори тоа со **Службата за писмено и усно преведување** (TIS National) на телефон **131 450**. TIS National нуди телефонски или лични услуги за преведување на над 150 јазици. Услугата е бесплатна кога со вашиот давател работите на вашиот договор за услуги.

Сите информации во оваа публикација се точни од 1 ноември 2025 година.

DT0004879-1025

## За помош

Посетете ја веб-страницата **MyAgedCare.gov.au**.
Телефонирајте на **1800 200 422**.

Лично: за општи информации и поддршка посетете центар за услуги на Services Australia или закажете бесплатен состанок лице в лице преку интернет. За подетална поддршка, може да разговарате со службеник специјалист за нега на постари лица (Aged Care Specialist Officer), доколку има таков во вашата област, или преку видео разговор.

Посетете ја веб-страницата **ServicesAustralia.gov.au/My-Aged-Care-Face-To-Face-Services** или јавете се бесплатно на **1800 227 475**.